ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

# НИШТО НЕ Е НЕШТО ДРУГО



***Билјана Поповиќ, скулптури и објекти***

Како би го протолкувале ликовното дело?

Како креација-творба составена од симболи и форми, повеќе или помалку препознатливи?

А кога ќе ги препознаеме, дали тие секогаш значат исто?

А што за симболите?

Исти ли се?

Дали едно исто време и средина нужно донесуваат исто толкување на појавите?

Дали авторот-креативец е должен да ни го објасни и протолкува тоа што сакал да го искаже?

До каде е улогата на творецот во објаснувањето, а од каде почнува онаа на теоретичарот, популарно наречен критичар?

Кога уметничката творба се доживува најцелосно?

Во самиот процес на создавање или, пак, кога е готова, изложена, оттуѓена како експонат или украс на некој ѕид или, пак, во витрина. Во денешно време, кога принципите на постмодерната исклучуваат секакви правила, сето она што ја носи идејата за уметност станува уметничко дело. Понекогаш, тоа е составено од симболи и форми, кои сите ние ги носиме како културно наследство. Тие се одраз на менталниот склоп на средината, кој ги подразбира: менталитетот, фолклорот, религијата, културното и природното наследство на поднебјето. Тоа се елементи што потсвесно ги знаеме, ги подразбираме и не мора да ги објаснуваме како некоја



аксиома. Меѓутоа, секоја творба во себе најмногу го носи индивидуалното. Тогаш кога тоа е најизразено и ослободено од секаква претенциозност; тогаш кога настанува спонтано како одраз на внатрешниот немир на авторот; на потребата да се искаже, да ја сподели енергијата што ја има во себе. Кога таа енергија е одраз на вистинската креативност, таа се



вградува во делото. А кога делото има енергија, тоа самото комуницира со средината. Те привлекува со својата вистинитост и искреност. Во тој момент, сите теории што се напишани стануваат небитни. Важна е само комуникацијата што непосредно се доживува во вид на енергија што се разменува. Препознавањето на вистинското дело, во голем дел, зависи од неа, за потоа да се поддржи теоретски. Тоа подразбира класифицирање, толкување и внесување во некој правец од уметноста. Меѓутоа, како да го протолкуваш? Треба да се почитуваат веќе постоечките теории и ако е нужно - да се создадат нови. Треба да се спознаат авторот и неговите симболи, како најпрвично. Зашто, секое дело е као сон. Сонот е составен од слики и симболи, кои сите ние потсвесно ги поврзуваме за некои настани или личности. Поради тоа, субјективниот фактор има најголем удел во сето тоа. Самиот автор е должен, но не мора, да ни ги објасни за да не талкаме при нивното толкување. Понекогаш, степенот на нивната прифатливост зависи и отвореноста на творецот, која, пак, повторно се одразува врз духовната заднина што творбата ја содржи. Скулптурите и објектите на Билјана Поповиќ, дипломирана во класата на Станко Павлевски во март 2000, ги поставуваат овие прашања зад кои, пак, одговорите сами се нижат. Така, се започнува од Мо, архетипската Венера, која, всушност, ја претставува мајката на материјата, како праоблик на женската спирална енергија. Тоа е навидум школски изработена скулптура на женско тело од гипс, во која е најнагласен стомачниот дел.

Но, мислата продолжува и натаму. Наоѓајќи се пред На дланките на бесконечноста, застануваме пред еден биелемент со бибоја, во која двете компоненти флуктуираат една во друга, создаваат бранови и формираат органски праоблици. И додека тоа навидум изгледа како борба, всушност значи надополнување и изедначување на црното со белото како симбол за светлото и за темното. Тоа е третирање на црното и белото како сосема исто. Присуство и отсуство на светлина. На дланките на бесконечноста е релјеф настанат врз дрвена даска, во кој, покрај црната и белата гипсена маса, има надополнувања со метални прстени. Навидум школски пример за творба, но со голема духовна и идејна заднина, која на Билјана ѝ се провлекува и понатаму.

И така, настана Зборот. И суштината на постоењето, вечниот цик-



1303

лус на создавање, растење и изумирање. Почеток, развивање и крај. Толку многу усложнета и извикана, а толку едноставна. Житото како зародиш и почеток, сламата како развиток, а пепелта како крај. Зборот е триптих составен од три кутии навидум телевизори. Тие се исполнети со трите наброени материјали и го искажуваат тоа за кое се пишувани томови и томови и се потрошени векови размислување. Колку работите можат да бидат едноставни и да се опишат со малку.

Шетачите по зенитот е дел од недовршен циклус. Во форма е на дрвен квадар, исполнет со едно бело прекршено платно, железен обрач како нимб, неколку вертикално оптегнати јажиња и метална жица. Се однесува на моментот на свесност, кој е аналоген со пладневниот миг, кога сонцето е горе на небото и ни се прикажува во полна светлина. Така е и со човековата свест. Во такви моменти, кога е најбистра и најчиста, работите ни се покажуваат во вистинско светло. Тогаш нема ниту една сенка, која би ги прекрила дури и најмалите детали.

Крајот сега-засега, и круна на едно школување, е дипломската работа, доволно силна и издржана веднаш да стане музејски експонат. Тоа што импресионира не е само современоста на изразот, јасната мисла што Билјана теоретски доста издржано ја поддржува, туку и зрелоста во размислувањето, стремењето кон оригиналност, кое не е претенциозно туку спонтано. Ништо не е нешто друго е дело што говори самото за себе. Тоа е чисто симболичко остварување на кое особено му треба појаснување, за да биде сфатено од воспримачот. Но, тоа во себе содржи енергија што флуктуира и понесува како некое енергетско поле. Се состои од 4 кутии, секоја засебно претставува една страна од светот - интуитивниот југ, студениот север, западот и истокот предадени како контраст меѓу студеното и топлото. Стегнато и широко. Предлошката на целото материјализирање на идејата лежи во една едноставна класична музичка тема.

И за крај, стоејќи пред исполнетите кутии со симболи, се фаќам во мисла дека Ништо не е нешто друго не бара објаснување туку чувствување.

Нада ПЕШЕВА



1303